**Г Р А Д   С К О П Ј Е**

ПРЕДЛАГАЧ: **Градоначалник на Град Скопје**

ИЗГОТВУВАЧ: **Сектор за јавни дејности**
**Одделение за социјална, детска и здравствена заштита**

ПРЕТСТАВНИК: **Секретар на Град Скопје**

ПОВЕРЕНИК: **Раководител на Сектор за јавни дејности**

**ПРЕДЛОГ – ПРОГРАМА**
**за изменување и дополнување на Програмата за активностите во областа на социјална, детска и здравствена заштита во град Скопје, за 2023 година**

**Скопје, ноември 2023 година**

ПРЕДЛОГ

Врз основа на член 36 од Законот за локалната самоуправа („Службен весник на Република Македонија“ бр. 5/02) и член 10 точка 8 алинеја 1 од Законот за Градот Скопје ( „Службен весник на Република Македонија“ бр. 55/04 и 158/11) а во врска со член 11 став 1 алинеја 7 од Законот за социјалната заштита („Службен весник на Република Северна Македонија“ бр.104/19, 146/19, 275/19, 302/20, 311/20, 163/21, 294/21, 99/22, 236/22 и 65/23), Советот на Град Скопје на _____седница, одржана на ______ 2023 година, донесе

**ПРОГРАМА**
**за изменување и дополнување на Програмата за активностите во областа на социјална, детска и здравствена заштита во град Скопје, за 2023 година**

**Член 1**

Во Програмата за активностите во областа на социјална, детска и здравствена заштита во град Скопје, за 2023 година („Службен гласник на Град Скопје“ број 18/22) се вршат следните изменувања и дополнувања:

1) Во глава **III. ПРИОРИТЕТИ НА ПРОГРАМАТА**, во Приоритетна цел – 1- *Остварување на социјална заштита на лица со попреченост,* во дел Активности се додава нова алинеја и тоа:
- *Проект за изградба на дневен центар за лица и деца со попреченост, за кој се предвидени 3.000.000 денари, Програма В2, ставка 425, поставка 425990;*
Во глава **III. ПРИОРИТЕТИ НА ПРОГРАМАТА**, во Приоритетна цел – 1- *Остварување на социјална заштита на лица со попреченост,* во дел Извори на средства, износот “64.400.000” се заменува со износот “67.400.000”.

2) Во глава **IV. ФИНАНСИРАЊЕ НА ПРОГРАМАТА,** износот од “116.600.000” се заменува со износот. „119.600.000“.

**Член 2**

Оваа програма влегува во сила од денот на објавувањето во „Службен гласник на Град Скопје“.

Број __
___ ноември 2023 godina
Скопје

СОВЕТ НА ГРАД СКОПЈЕ
ПРЕТСЕДАТЕЛ
Трајко Славески,с.р

# ОБРАЗЛОЖЕНИЕ

Согласно член 36 од Законот за локална самоуправа („Службен весник на Република Македонија“ бр. 5/02 утврдена е надлежноста на Советот. Согласно член 11 став 1 алинеја 7 од Законот за социјалната заштита („Службен весник на Република Северна Македонија“ бр. 104/19,146/19, 275/19, 302/20, 311/20,163/21, 294/21, 99/22, 236/22 и 65/23) за остварување на дејноста на социјална заштита, градот Скопје донесува годишни програми за потребите на граѓаните од областа на социјална заштита, во која се предвидуваат активности и средства за реализација на истите.

Главна цел на Програмата за активностите во областа на социјална, детска и здравствена заштита, во Град Скопје е да предложи форми на социјална и здравствена грижа и да одреди приоритети во решавањето на истите, земајќи ги во предвид различните потреби и интереси на сите целни групи. Во таа насока, Одделението за социјална, детска и здравствена заштита континуирано ги следи потребите, иницијативите и предлозите на граѓаните до Град Скопје, и врз основа на нив ги одредува приоритетите на Програмата за активностите од областа на социјална, детска и здравствена заштита во Град Скопје.
Потребата од измена и дополнување на Програмата за активностите во областа на социјална, детска и здравствена заштита во град Скопје за 2023 година е поради усвоениот амандман број 27-10051/1 од 03.10.2023 година на 8 мата вонредна седница на Советот на Град Скопје одржана на 05.10.2023 година (“*Службен гласник на Град Скопје” бр. 18/22*). Со амандманот се предвидуваат средства од 3.000.000 денари наменети за проект за изградба на Дневен центар за лица и деца со попреченост, во насока на подобрување на квалитетот на живеење на лицата и децата со попреченост, создавање услови за нивен независен живот, како и поддршка на нивните семејствата.

Согласно погоре наведеното, се предлага Советот на Град Скопје да ја донесе предложената **Програма за изменување и дополнување на Програмата за активностите во областа на социјална, детска и здравствена заштита во град Скопје, за 2023 година.**